**Предмет: Барање за доставување на понуди бр. 05/2020**

**Датум на објавување: 19.02.2020**

Центарот за социјални иновации Блинк 42-21 од август 2019 година започна да го реализира проектот „Игра за промени – Дигитална симулациска игра – едукативна алатка за зајакнување на отпорноста на заедниците", со грант Договор бр. HED/ADM/GRC/2019/0017 од 28/05/2019 год., со Хедаја- Центарот за екселенција. Проектот е со времетраење од 12 месеци и финансиски поддржан од STRIVE Global Program на Европската Унија. Дел од активностите на проектот е и **изработка на дигитална симулациска игра како едукативна алатка за зајакнување на отпорноста на заедниците.**

Ве покануваме да ја доставите Вашата понуда за испорака на услуги согласно спецификацијата во табелата:

| | Опис на услуга | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупна цена без ДДВ (во МКД) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Инженер на звук** | | | |
| | Ангажираниот инженер на звук се очекува да биде одговорен за звукот и потребното негово едитирање, како и за музиката на дигитална симулациска игра. | 1 | | |
| - Присуство на состаноци и координација со проектниот тим.<br>- Соработка со другите ангажирани експерти.<br>- Период на реализација 10 дена во период: Март –Мај 2020. | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

*Забелешка: Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Плаќањето е врз основа на доставена фактура генерирана во системот на УЈП.*

Максималниот бруто износ за овој повик е 1.100 евра во денарска против вредност.

БЛИНК 42-21 во согласност со предвидената проектна временска рамка ќе го извести добавувачот на услугата за точните датуми и рокови за секоја услуга посебно во зависност од претходно реализираните активности или пак идните предвидени активности кои се во рамките на проектот.

**Услугите во табелата не се деливи и за истите ќе биде избран еден добавувач. Изборот на добавувач ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.**

БЛИНК 42-21 ќе склучи договор со избраниот добавувач, а плаќањето ќе се изврши по извршувањето на услугата.

Во прилог треба да се достави следната документација:

- Прилог 1: Понуда со пополнети износи согласно табелата;
- Прилог 2: Портфолио на добавувачот;
- Прилог 3: Референтна листа на претходни реализирани услуги
- Прилог 4: Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци (за правни лица).

**Понудата се доставува исклучиво во електронска форма преку е-пошта на info@blink42-21.mk. Во предмет на е-пораката да стои: Понуда за Повик 05/2020 и сите барани документи треба да се со печат и потпис од овластено лице во скенирана форма.**
**Понудата треба да се достави во рок од 8 работни денови од денот на објавувањето, односно најдоцна до 28.02.2020 год. до 16:00 часот. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.**

Сите добавувачи кои доставиле понуди и ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени за одлуката.

За сите дополнителни информации може да се обратите на е-пошта: info@blink42-21.mk.

**Со почит,**
**Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21**